Службен весник на Република Македонија

Број 31 **22 февруари 2016, понеделник** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
841.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на побарувањата	**4**
842.	**Закон** за изменување на Законот за полиција	**7**
843.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци	**7**
844.	**Закон** за изменување на Законот за спречување и заштита од дискриминација	**9**
845.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за домување	**9**
846.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај	**11**
847.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта	**12**
848.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство	**13**
849.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште	**14**
850.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води	**18**
851.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем	**20**
852.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем	**22**
853.	**Закон** за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем	**23**
854.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба	**24**
855.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги	**27**

		Стр.
856.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности	29
857.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги	30
858.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота	36
859.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти	37
860.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за автокампови	38
861.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање	39
862.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за градење	41
863.	**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите	47
864.	**Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на подземна вода за флаширање за комерцијални потреби, на локалитет П'клиште, Општина Ранковце	47
865.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основен суд Берово	48
866.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Сарај	48
867.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи	48
868.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ Центар за стручно образование и обука	48
869.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонија пат - Скопје	49
870.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта	49
871.	**Одлука** за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта	49
872.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје	50
873.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" - Охрид	53
874.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Прилеп	58
875.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски" - Скопје	59
876.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје	64
877.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Битола	72
878.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за Државна кардиохирургија - Скопје	74
879.	**Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево	76
880.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - ШТИП	76
881.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - БИТОЛА	76
882.	**Одлука** за поништување на Одлуката за доделување– концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Главовица"	77

		Стр.
883.	**Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Струга, Делчево и Кочани	**77**
884.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици КО Смолари-вон г.р. Општина Ново Село	**78**
885.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.....	**78**
886.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје.....	**79**
887.	**Одлука** за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево - Охрид, подделница Песочани – Требеништа од стационажа км.33+744,67 (0+000,00) до км.46+443,39 (12+698,39)“ на минерална суровина – варовник на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ново Село“, Општина Дебарца.....	**79**
888.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за разузнавање ..	**80**
889.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Сенокос Општина Врапчиште.....	**80**
890.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност	**81**
891.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор-претставник од општината на чие подрачје се наоѓа ЈУ Национален парк Пелистер-Битола	**85**
892.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈА ПАТ” – Скопје...	**85**
893.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче“-Велес	**85**
894.	**Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“-П.О. Скопје.....	**85**
895.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Струмица	**85**
896.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струмица	**86**
897.	**Решение** за именување членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Спортската академија	**86**
898.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција	**86**
899.	**Правилник** за изменување на Правилникот за постапката за добивање А-интегрирана еколошка дозвола	**88**
900.	**Решение** за ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови.....	**88**
901.	**Одлука** за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2016 година	**88**
902.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата ...	**90**
	Огласен дел.....	**1-68**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

841.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на побарувањата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1071/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

Член 1

Во Законот за обезбедување на побарувањата („Службен весник на Република Македонија“ број 87/2007) во член 43 по зборовите: „сопственост на“ зборот „предмети“ се заменува со зборовите: „недвижен имот“.

Член 2

Во член 44 по зборовите: „сопственоста на некој“ зборот „предмет“ се заменува со зборот „недвижен имот“.

Член 3

Во членот 45 зборот „предметите“ се заменува со зборовите: „недвижниот имот“.

Член 4

Во членот 47 став (3) запирката и зборовите по неа „односно на подвижни предмети“ се бришат.

Член 5

Во членот 48 запирката и зборовите по неа „односно подвижни предмети“ се бришат.

Член 6

Во членот 49 став (2) во двете реченици зборовите: „и на подвижните предмети“, „или подвижните предмети“ и „и подвижните предмети“ се бришат.

Член 7

Во членот 50 став (1) по зборот „сопственост“ се додаваат зборовите: „на недвижен имот“, а зборот „предмет“ се заменува со зборовите: „недвижен имот“.

Член 8

По членот 50 се додаваат два нови наслова и члена 50-а и 50-б, кои гласат:

„Договор за обезбедување со пренос на сопственост на подвижни ствари

Член 50-а

(1) За обезбедување со пренос на сопственост на подвижни ствари заинтересираните страни склучуваат договор, за пренос на сопственоста на некој предмет или право од должникот на доверителот, кој задолжително се потврдува кај нотар (солемнизација) или се составува во форма на нотарски акт.

(2) Договорот произведува правно дејство со моментот на впишување во Регистарот за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права - (Фидуцијарен регистар), кој се води во рамките на Централниот регистар.

(3) Заинтересираните страни се должни, во писмена или електронска форма, да поднесат барање на пропишан образец, за упис во Фидуцијарниот регистар, во рок од пет работни дена од потврдувањето на договорот или од изготвувањето на нотарскиот акт. Заинтересираните страни можат да се договорат да го овластат нотарот да го изврши уписот на договорот во Централниот регистар. Поднесувањето на барањето за упис во електронска форма се врши согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

(4) Заинтересираните страни се должни до Централниот регистар да поднесат барање, во писмена или електронска форма, согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис за запишување на секоја промена во договорот во рок од пет работни дена од настанување на промената.

(5) Заинтересираните страни се должни во рок од пет работни дена од престанокот или раскинувањето на договорот направено на начин на кој што е склучен договорот до Централниот регистар да поднесат барање во писмена или електронска форма, согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, за бришење на предметот од посебниот регистар.

(6) Договорот од ставот (1) на овој член задолжително содржи:

- податоци за заинтересираните страни име и презиме, живеалиште или престојувалиште и единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), односно назив или фирма, седиште и единствен матичен број на субјектот (ЕМБС),
- податоци за заинтересираните страни кои се странски лица за физичко лице име и презиме, адреса, број на патната исправа и државата која ја издала патната исправа, а за странско правно лице-назив или фирма, седиште, идентификационен број кој се води во странскиот регистар на правни лица и име на државата во која се наоѓа неговото седиште,
- опис на предметот со податоци тој да може да се идентификува, вклучувајќи ја и вредноста на предметот кој е предмет на побарувањето,
- износ на побарувањето,
- правен основ на побарувањето и
- одредби за тоа кога обезбеденото побарување ќе пристигне, односно како неговото пристигнување ќе се определи.
- одредба за тоа чија е обврската да го изврши уписот на договорот во Централниот регистар (нотарот или некоја од заинтересираните страни).

(7) Должникот може да биде и лице спрема кое доверителот нема побарување кое се обезбедува.

(8) За извршениот упис, настанатите промени и бришење се издава потврда во писмена или електронска форма согласно со прописите кои се однесуваат на податоците во електронски облик и електронски потпис. Исправата за упис мора да ги содржи битните елементи од договорот, денот и часот на приемот на барањето во регистарот, како и времето на издавањето на исправата.

(9) Формата и содржината на барањето, како и начинот на вршење на упис, промена и бришење во Регистарот од ставот 2 на овој член ќе го пропише директорот на Централниот регистар на Република Македонија.

Постапка за обезбедување на побарување со продажба со задржување на правото на сопственост на подвижни ствари

Член 50-б

(1) Постапката од членот 50-а ќе се примени соодветно и за обезбедување на побарување со продажба со задржување на правото на сопственост на подвижни ствари пропишано согласно со закон.

(2) Во постапката од ставот (1) на овој член уписот ќе се врши во Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост, кој се води во рамките на Централниот регистар.

(3) Формата и содржината на барањето, како и начинот на вршење на упис, промена и бришење во Регистарот од ставот 2 на овој член ќе го пропише директорот на Централниот регистар на Република Македонија. “

Член 9

Во членот 57 став (1) зборовите: „нотар или“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „да го овласти нотарот или“ се бришат.

Член 10

Во членот 58 став (1) зборовите: „нотарот, односно“ се бришат.

Во ставот (2) во првата реченица зборовите: „нотарот или“ и во втората реченица зборовите: „нотарот, односно на“ се бришат.

Член 11

Во членот 59 став (1) зборовите: „нотарот, односно“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „нотарот или“ се бришат.

Член 12

Во членот 60 став (2) зборовите: „нотар или преку“ се бришат.

Член 13

Во членот 61 став (1) во првата алинеја зборовите: „нотарот односно“ и во третата алинеја зборот „нотарот“ се бришат.

Член 14

Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на нотарот или заинтересираната страна, доколку постапи спротивно на членот 50-а ставови (3), (4) и (5).

За прекршокот предвиден во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд, по барање поднесено од страна на оштетениот согласно со закон.

Член 15

Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон да го воспостави Регистарот за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права (Фидуцијарен регистар) и Регистарот за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост.

Член 16

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIMIN E KËRKESAVE

Neni 1

Në Ligjin për sigurimin e kërkesave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 87/2007) në nenin 43 pas fjalëve: "pronësisë së" fjala "sendeve" zëvendësohet me fjalët: "pronës së patundshme".

Neni 2

Në nenin 44 pas fjalëve: “pronësinë e ndonjë” fjala “sendi” zëvendësohet me fjalën “prone të patundshme”.

Neni 3

Në nenin 45 fjala “sendeve” zëvendësohet me fjalët: “pronës së patundshme”.

Neni 4

Në nenin 47 në paragrafin (3) presja dhe fjalët pas saj “përkatësisht të sendeve të luajtshme” shlyhen.

Neni 5

Në nenin 48 presja dhe fjalët pas saj “përkatësisht sendeve të luajtshme” shlyhen.

Neni 6

Në nenin 49 në paragrafin (2) në të dy fjalitë fjalët: “dhe të sendeve të luajtshme”, “apo sendet e luajtshme” dhe “dhe sendet e luajtshme” shlyhen.

Neni 7

Në nenin 50 paragrafi (1) pas fjalës “pronësisë” shtohen fjalët: “së pronës së patundshme”, ndërsa fjala “send” zëvendësohet me fjalët: “pronë e patundshme”.

Neni 8

Pas nenit 50 shtohen dy tituj të rinj dhe nene 50-a dhe 50-b si vijojnë:

"Marrëveshje për sigurimin e bartjes së pronësisë së sendeve të luajtshme

Neni 50-a

(1) Për sigurimin me bartje të pronësisë së sendeve të luajtshme palët e interesuara lidhin marrëveshje, për bartje të pronësisë së ndonjë lëndë apo të drejtë nga debitori te kreditori, i cili në mënyrë të detyrueshme vërtetohet tek noteri (solemnizim) apo përpilohet në formë të aktit të noterit.

(2) Marrëveshja krijon veprim juridik me momentin e regjistrimit në Regjistrin për sigurimin me bartje të pronësisë së sendeve dhe bartjes së të drejtave – (Regjistër fiduciar), i cili mbahet në kuadër të Regjistrit qendror.

(3) Palët e interesuara janë të detyruara, në formë të shkruar apo elektronike, të parashtrojnë kërkesë në formular të përcaktuar, për regjistrim në Regjistrin fiduciar, në afat prej pesë ditë pune nga vërtetimi i marrëveshjes apo nga përpilimi i aktit të noterit. Palët e interesuara mund të merren vesh ta autorizojnë noterin ta kryejë regjistrimin e marrëveshjes në Regjistrin qendror. Parashtrimi i kërkesës për regjistrim në formë elektronike bëhet në pajtim me Ligjin për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik.

(4) Palët e interesuara janë të detyruara te Regjistri qendror të parashtrojnë kërkesë, në formë të shkruar apo elektronike, në pajtim me Ligjin për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik për regjistrimin e secilit ndryshim në marrëveshjen në afat prej pesë ditë pune nga ndodhja e ndryshimit.

(5) Palët e interesuara janë të detyruara në afat prej pesë ditë pune nga ndërprerja apo prishja e marrëveshjes të bërë në mënyrë në të cilën është lidhur marrëveshja te Regjistri qendror të parashtrojnë kërkesë në formë të shkruar apo elektronike, në pajtim me Ligjin për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik, për shlyerjen e lëndës nga regjistri i veçantë.

(6) Marrëveshja nga paragrafi (1) i këtij neni në mënyrë të detyrueshme përmban:

-të dhëna për palët e interesuara: emrin dhe mbiemrin, vendbanimin apo

-vendqëndrimin dhe numrin unik të amzës të qytetarit (NUAQ), përkatësisht emërtimin apo firmën, selinë dhe numrin unik të amzës të subjektit (NUAS),

-të dhëna për palët e interesuara të cilët janë persona të huaj: për personin fizik emrin dhe mbiemrin, adresën, numrin e dokumentit të udhëtimit dhe shtetin i cili e ka dhënë dokumentin e udhëtimit, ndërsa për personin juridik – emrin apo firmën, selinë, numrin e identifikimit i cili mbahet në regjistrin e huaj të personave juridikë dhe emrin e shtetit në të cilin gjendet selia e tij.

- përshkrimin e objektit me të dhëna ai të mund të identifikohet, duke e inkuadruar edhe vlerën e sendit që është lëndë e kërkesës,

- shumën e kërkesës,

- bazën juridike të kërkesës dhe

- dispozita për atë kur kërkesa e siguruar do të arrin, përkatësisht si arritja e saj do të caktohet.

- dispozita për atë obligim i kujt është ta kryejë regjistrimin e marrëveshjes në Regjistrin qendror (noteri apo ndonjë nga palët e interesuara).

(7) Debitor mund të jetë edhe person ndaj të cilit kreditori nuk ka kërkesë e cila sigurohet.

(8) Për regjistrimin e kryer, ndryshimet e ndodhura dhe shlyerjen jepet vërtetim në formë të shkruar apo elektronike në pajtim me rregullat të cilat kanë të bëjnë me të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik. Dokumenti për regjistrim doemos duhet t'i përmbajë elementet kryesore nga marrëveshja, ditën dhe orën e pranimit të kërkesës në regjistrin, si dhe kohën e dhënies së dokumentit.

(9) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës, si dhe mënyrën e kryerjes së regjistrimit, ndryshimit dhe shlyerjes në Regjistrin nga paragrafi 2 i këtij neni do ta përcaktojë drejtori i Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë.

Procedura për sigurimin e kërkesës me shitje me mbajtjen e të drejtës së pronësisë së sendeve të luajtshme

Neni 50-b

(1) Procedura nga neni 50-a do të zbatohet në mënyrë përkatëse dhe për sigurimin e kërkesave me shitje me mbajtjen e të drejtës së pronësisë së sendeve të luajtshme të përcaktuar në pajtim me ligj.

(2) Në procedurën nga paragrafi (1) i këtij neni regjistrimi do të bëhet në Regjistrin për shitjen e sendeve të luajtshme me mbajtjen e të drejtës së pronësisë, i cili udhëhiqet në kuadër të Regjistrit qendror.

(3) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës, si dhe mënyrën e kryerjes së regjistrimit, ndryshimit dhe shlyerjes në Regjistrin nga paragrafi 2 i këtij neni do ta përcaktojë drejtori i Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë."

Neni 9

Në nenin 57 në paragrafin (1) fjalët: "noter apo" shlyhen.

Në paragrafin (2) fjalët: "ta autorizojë noterin apo" shlyhen.

Neni 10

Në nenin 58 në paragrafin (1) fjalët: "noteri, përkatësisht" shlyhen.

Në paragrafin (2) në fjalinë e parë fjalët: "noterit apo" dhe në fjalinë e dytë fjalët: "noterit, përkatësisht të" shlyhen.

Neni 11

Në nenin 59 në paragrafin (1) fjalët: "noterit, përkatësisht" shlyhen.

Në paragrafin (2) fjalët: "noterit apo" shlyhen.

Neni 12

Në nenin 60 në paragrafin (2) fjalët: "noterit apo nëpërmjet" shlyhen.

Neni 13

Në nenin 61 në paragrafin (1) në alinenë e parë fjalët: "noteri përkatësisht" dhe në alinenë e tretë fjala "noteri" shlyhen.

Neni 14

Gjobë në shumë prej 400-600 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje noterit apo palës së interesuar nëse vepron në kundërshtim me nenin 50-a paragrafët (3), (4) dhe (5).

Për kundërvajtjen e paraparë në këtë ligj procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksion kundërvajtës shqipton gjykata kompetente, me kërkesë të parashtruar nga ana e të dëmtuarit në pajtim me ligj.

Neni 15

Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë është i detyruar në afat prej gjashtë muajsh nga hyrja në fuqi e këtij ligji ta vendosë Regjistrin për sigurim me bartje të pronësisë së sendeve dhe bartje të të drejtave (Regjistri fiduciar) dhe Regjistrin për shitjen e sendeve të luajtshme me mbajtjen e të drejtës së pronësisë.

Neni 16

Rregullat nënligjore miratimi i të cilave është përcaktuar me këtë ligj do të miratohen në afat prej katër muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 17

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet gjashtë muaj nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

842.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за полиција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1072/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14 и 33/15), во членот 16 став (2) точка 5) алинеја 4 точката и запирката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или “ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR POLICI

Neni 1

Në Ligjin për polici ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14 dhe 33/15), në nenin 16 paragrafi (2) pika 5) në alinenë 4 pikëpresja në fund të fjalisë zëvendësohen me lidhëzën "ose".

Në alinenë 5 lidhëza "ose" zëvendësohet me lidhëzën "dhe".

Alineja 6 shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

843.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1073/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Член 1

Во Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија” број 13/96), во членот 74 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Образецот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член и потребната документација за остварување на правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Член 2

Во членот 75 став 1 зборот „ писмени“ и зборот „писмено“ се бришат.

Во ставот 2 зборот „писмено“ се брише.

Член 3

Во членот 78 став 1 зборот„писмени“ се брише.

Член 4

Во член 80 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Обрасците на наодите и мислењата од ставот 1 на овој член донесени од надлежните лекарски комисии ги пропишува министерот за труд и социјална политика.”

Член 5

Членот 84 се менува и гласи:

„По барањето за остварување на право од членот 18 барањето покренато по службена должност од надлежниот орган од членот 86 став 1 и повторното барање од членот 86 став 4 од овој закон, Управата за прашања на борците и воените инвалиди донесува решение во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Во случај кога барателот е упатен на медицинско испитување од лекарските комисии, Управата за прашања на борците и воените инвалиди донесува решение во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето.

Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член се поднесува до Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението.“

Член 6

Членот 85 се брише.

Член 7

Во членот 87 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за настанати промени што се од влијание врз правата утврдени со конечно решение ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Член 8

Во членот 90 став 2 се менува и гласи:

„Управата за прашањата на борците и воените инвалиди води евиденција за корисниците на правата од овој закон, донесените решенија и извршените исплати согласно со Законот за општата управна постапка, која содржи лични податоци за корисникот на правото, вид и износ на оствареното право, донесен наод и мислење во прв и втор степен од лекарска комисија, потреба од контролен преглед со датум на контролен преглед и извршени месечни исплати на корисниците на правата од овој закон.“

Член 9

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

L I GJ

PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTAT E INVALIDËVE TË LUFTËS, ANËTARËVE TË FAMILJEVE TË TYRE DHE ANËTARËVE TË FAMILJEVE TË DËSHMORËVE TË RËNË

Neni 1

Në Ligjin për të drejtat e invalidëve të luftës, anëtarëve të familjeve të tyre dhe anëtarëve të familjeve të dëshmorëve të rënë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 13/96), në nenin 74 pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

“Formularin e kërkesës nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për realizimin e të drejtave të invalidëve të luftës, anëtarëve të familjeve të tyre dhe anëtarëve të familjeve të dëshmorëve i përcakton ministri për Punë dhe Politikë Sociale në pajtim me ministrin për Shoqëri Informative dhe Administratë”.

Neni 2

Në nenin 75 në paragrafin 1 fjala “të shkruara” dhe fjala “me shkrim” shlyhen.

Në paragrafin 2 fjala “me shkrim” shlyhet.

Neni 3

Në nenin 78 në paragrafin 1 fjala “me shkrim” shlyhet.

Neni 4

Në nenin 80 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

“Formularët e konstatimeve dhe mendimeve nga paragrafi 1 i këtij neni të miratuara nga komisionet kompetente mjekësore i përcakton ministri për Punë dhe Politikë Sociale.

Neni 5

Neni 84 ndryshohet si vijon:

“Me kërkesën për realizimin e të drejtës nga neni 18, kërkesa e nisur me detyrë zyrtare nga organi kompetent nga neni 86 paragrafi 1 i kërkesës së sërishme nga neni 86 paragrafi 4 i këtij ligji, Drejtoria për Çështje të Luftëtarëve dhe Invalidëve të Luftës miraton aktvendim në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të kërkesës.

Në rast kur kërkuesi është i dërguar në testim mjekësor nga komisionet mjekësore, Drejtoria për Çështje të Luftëtarëve dhe Invalidëve të Luftës miraton aktvendim në afat prej 90 ditëve nga dita e pranimit të kërkesës.

Ankesa kundër aktvendimit nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni parashtrohet në Ministrinë për Punë dhe Politikë Sociale në afat prej 15 ditëve nga dita e pranimit të aktvendimit dhe nuk e prolongon përmbarimin e aktvendimit.”

Neni 6

Neni 85 shlyhet.

Neni 7

Në nenin 87 pas paragrafit 3 shtohet paragraf i ri 4 si vijon:

“Formularin e kërkesës nga paragrafi 1 i këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për ndryshime që shfaqen që ndikojnë mbi të drejtat e caktuara me aktvendim përfundimtar i përcakton ministri për Punë dhe Politikë Sociale në pajtim me ministrin për Shoqëri Informatike dhe Administratë.”

Neni 8

Në nenin 90 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Drejtoria për Çështjet e Luftëtarëve dhe Invalidëve të Luftës mban evidencë për shfrytëzuesit e të drejtave të këtij ligji, aktvendimet e miratuara dhe pagesat e realizuara në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative, që përmban: të dhëna personale për shfrytëzuesin e të drejtës, llojin dhe shumën e të drejtës së realizuar, konstatim dhe mendim të miratuar në shkallë të parë dhe të dytë të komisionit mjekësor, nevojë për kontroll mjekësor me datën e kontrollit mjekësor dhe pagesat e realizuara mjekësore të shfrytëzuesve të të drejtave të këtij ligji."

Neni 9

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 10

Procedurat e nisura deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundohen në pajtim me ligjin me të cilin kanë filluar.

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative, në pajtim me nenin 141 te Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

844.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за спречување и заштита од дискриминација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1074/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Член 1

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија" број 50/10, 44/14 и 150/15), во членот 18 точка 5) алинеја 4 запирката се заменува со сврзникот „или".

Во алинејата 5 сврзникот „или" се брише.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PARANDALIM DHE MBROJTJE NGA DISKRIMINIMI

Neni 1

Në Ligjin për parandalim dhe mbrojtje nga diskriminimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 50/10, 44/14 dhe 150/15) në nenin 18 pika 5) në alinenë 4 presja zëvendësohet me lidhëzën "ose".

Në alinenë 5 lidhëza "ose" shlyhet.

Alineja 6 shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

845.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за домување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1075/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14 и 146/15), во член 10 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Доказите за исполнетост на условите од ставот (4) на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од Регулаторната комисија за домување кое ја води постапката за издавање на лиценца за управител, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.“

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13) и (14).

Член 2

Во членовите 93 став (5), 97 став (3) и 118 став (3) зборот „писмено“ се брише.

Член 3

Во членот 95 став (4) зборовите: „во писмена форма“ се бришат.

Член 4

Во членот 98 став (4) зборовите: „во рок од 45 дена“ се заменуваат со зборовите: „во рок од 30 дена“.

Член 5

Членот 98-а се брише.

Член 6

Во членот 105-а став (1) по зборовите: „јавен оглас кој“ се додаваат зборовите: „го објавува Владата на Република Македонија“, а зборовите: „се објавува“ се бришат.

Во ставот (2) точка 5) алинеја 4 запирката на крајот на реченицата заменува со сврзникот „или“.

Алинејата 6 се брише.

Член 7

По членот 126 се додава нов член 126-а, кој гласи:

„Член 126-а

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице во Регулаторната комисија за домување ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 10 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 10 став (6) од овој закон.“

Член 8

Во членот 128 зборовите: „членовите 125 ставови (1) и (2) и 127 став (1)” се заменуваат со зборовите: „членот 125 ставови (1) и (2), членот 126-а и членот 127 став (1)“.

Член 9

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 10

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 8 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BANIM

Neni 1

Në Ligjin për banim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14 dhe 146/15) në nenin 10 pas paragrafit (4) shtohen dy paragrafë të rinj (5) dhe (6), si vijonë:

“(5) Dëshmitë për plotësimin e kushteve nga paragrafi (4) i këtij neni, i siguron personi i autorizuar zyrtar nga Komisioni Rregullator për Banim që e udhëheq procedurën për lëshim të licencës për drejtor, që është i detyruar në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës t’i kërkojë dëshmitë nga organi publik kompetent

(6) Personi i autorizuar zyrtar nga organi kompetent publik është i detyruar dëshmitë e kërkuara nga paragrafi (5) i këtij neni të dorëzojë në afat prej tri ditëve nga dita e pranimit të kërkesës.”

Paragrafët (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) dhe (12) bëhen paragrafë (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13) dhe (14).

Neni 2

Në nenin 93 paragrafin (5), nenin 97 paragrafin (3) dhe nenin 118 paragrafin (3) fjala “shkrim” shlyhet.

Neni 3

Në nenin 95 paragrafi (4) fjalët: “në formë me shkrim” shlyhen.

Neni 4

Në nenin 98 paragrafin (4) fjalët: “në afat prej 45 ditësh” zëvendësohen me fjalët: “në afat prej 30 ditësh” .

Neni 5

Neni 98-a shlyhet.

Neni 6

Në nenin 105-a paragrafin (1) pas fjalëve: ”konkurs publik që” shtohen fjalët: “e shpall qeveria e Republikës së Maqedonisë”, ndërsa fjala ”shpallet” shlyhet.

Në paragrafin (2) pikën 5) në alinenë 4 presja në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën “ose”.

Alineja 6 shlyhet.

Neni 7

Pas nenit 126 shtohet neni i ri 126-a, si vijon:

“Neni 126-a

(1) Gjobë në shumë prej 25 deri 50 euro në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit të autorizuar zyrtar në Komisionin Rregullator për Banim nëse nuk i kërkon dëshmitë me detyrë zyrtare në afatin e përcaktuar në nenin 10, paragrafi (5) të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 25 deri 50 euro në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit të autorizuar zyrtar në organin publik kompetent nga i cili janë kërkuar dëshmitë nëse nuk i dorëzon dëshmitë e kërkuara në afatin e përcaktuar në nenin 10 paragrafi (6) të këtij ligji. “

Neni 8

Në nenin 128 fjalët: “nenet 125 paragrafët (1) dhe (2) dhe 127 paragrafi (1)” zëvendësohen me fjalët:”neni 125 paragrafët (1) dhe (2), neni 126-a dhe neni 127 paragrafi (1)”.

Neni 9

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me ligjin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 10

Dispozitat e neneve 1, 2, 3, 4, 5, 7 dhe 8 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative, në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikë së Maqedonisë numër 124/15).

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

846.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1076/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 161/2009, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15 и 193/15), членот 7-д се менува и гласи:

„Превозникот барањето за добивање на одобрението го поднесува до Министерството за транспорт и врски со точно наведување на бројот на моторните возила со кои ќе го врши превозот, податоци за бројот на приклучните возила и писмени докази за исполнување на условите од членот 7-г од овој закон.

Одобрението се издава најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за негово издавање.

Против решението на Министерството за транспорт и врски со кое барањето за издавање на одобрение се одбива може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Начинот за издавање и одземање на одобрението за превоз на опасни материи во патниот сообраќај го пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 2

Во членот 7-е став 3 зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Член 3

Во членот 12 став 1 зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството".

Член 4

Во членот 20-в став 7 зборот „Министерот" се заменува со зборот „Министерството".

Член 5

Во членот 37 зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството", а зборовите: „директорот на" се бришат.

Член 6

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TRANSPORT TË MATERIEVE TË RREZIKSHME NË KOMUNIKACIONIN RRUGOR DHE HEKURUDHOR

Neni 1

Në Ligjin për transport të materieve të rrezikshme në komunikacionin rrugor dhe hekurudhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 92/2007, 161/2009, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14 116/15 dhe 193/15) neni 7-d ndryshon si vijon:

"Transportuesi kërkesën për marrjen e lejes e parashtron në Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve me theksim të saktë të numrit të automjeteve motorike me të cilat do të bëhet transporti, të dhëna për numrin e makinave të rimorkiuara dhe dëshmi me shkrim për plotësimin e kushteve nga neni 7-g të këtij ligji.

Leja lëshohet më së voni në afat prej 15 ditë nga dita e pranimit të kërkesës për lëshimin e saj.

Kundër aktvendimit të Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve me të cilin kërkesa për lëshimin e lejes refuzohet mund të deklarohet ankesë në afat prej 15 ditë nga dita e pranimit të aktvendimit te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi 1 i këtij neni i përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.

Mënyrën e lëshimit dhe heqjes së lejes për transport të materieve të rrezikshme në komunikacionin rrugor dhe hekurudhor e përcakton Ministri i Transportit dhe Lidhjeve."

Neni 2

Në nenin 7-e në paragrafin 3 fjalët: "Komisioni i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë për Vendimmarrje në Punë Administrative në Shkallë të Dytë nga Sfera e Transportit dhe Lidhjeve" zëvendësohen me fjalët: "Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë".

Neni 3

Në nenin 12 në paragrafin 1 fjala "ministri" zëvendësohet me fjalën "Ministria".

Neni 4

Në nenin 20-v paragrafi 7 fjala "ministri" zëvendësohet me fjalën "Ministria".

Neni 5

Në nenin 37 fjala "ministri" zëvendësohet me fjalën "Ministria", ndërsa fjalët: "drejtori i" shlyhen.

Neni 6

Akti nënligjor i përcaktuar me këtë ligj do të miratohet në afat prej tre muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 7

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundohen në pajtim me ligjin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet në ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative, në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

847.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2016 година.

Бр. 08-1077/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15), во членот 38-д став 2 зборот „министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

Член 2

Во членот 47 став 1 зборот „Министерот” се заменува со зборот „Министерството”.

Член 3

Во член 66-в по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Овластеното службено лице од Министертвото за транспорт и врски кое ја води постапката за издавање овластување за помош на пат е должно документите од ставот (2) точки 1), 2), 3), 4), 5) и 6) на овој член по службена должност да ги побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (4) на овој член е должно да ги достави до Министерството за транспорт и врски во рок од три дена од денот на приемот на барањето.”

Ставот (4) станува став (6).

Член 4

Во членот 66-г став (1) зборот „министерот” се заменува со зборот „Министерството“, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот оглас.“.

Член 5

Во членот 66-ѓ став (1) зборот „Министерот” се заменува со зборот „Министерството“.

Член 6

По членот 79-а се додава нов член 79-б, кој гласи:

“Член 79-б

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Министерството за транспорт и врски доколку во рокот утврден во членот 66-в став (4) од овој закон не ги побара потребни документи.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган ако во рокот утврден во членот 66–в став (5) од овој закон не ги достави бараните документи.“

Член 7

По член 81-б се додава нов член 81-в, кој гласи:

„Член 81-в

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Град Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1088/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

887.

Врз основа на член 40-а став (9) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ „А2, ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ОХРИД, ПОДДЕЛНИЦА ПЕСОЧАНИ – ТРЕБЕНИШТА ОД СТАЦИОНАЖА КМ.33+744,67 (0+000,00) ДО КМ. 46+443,39 (12+698,39)“ НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „НОВО СЕЛО“, ОПШТИНА ДЕБАРЦА

1. На Јавното претпријатие за државни патишта Скопје се доделува концесија за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево - Охрид, подделница Песочани – Требеништа од стационажа км.33+744,67 (0+000,00) до км.46+443,39 (12+698,39)“ на минерална суровина – варовник на локалитетот „Ново Село“, Општина Дебарца, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7483401	4574976
Т-2	7483324	4575054
Т-3	7483222	4575259
Т-4	7483334	4575386
Т-5	7483457	4575243
Т-6	7483562	4575362
Т-7	7483669	4575280

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 0.089491 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука е до 10.11.2017 година.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1278/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

888.

Врз основа на член 18 став (4) од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" - Скопје му престанува користењето на недвижна ствар – Караула „Лерински пат" во Битола која се наоѓа на КП бр.1731, КО Драгош, евидентирана во Имотен лист број 329, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- број на зграда 1, влез 1, кат ПО, со внатрешна површина од 56 м2 и
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 126 м2.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Агенцијата за разузнавање.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" - Скопје и Агенцијата за разузнавање во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1329/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

889.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 и 7/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, Г3-СЕРВИСИ И Г4-СТОВАРИШТА КО СЕНОКОС ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стовариште КО Сенокос, Општина Врапчиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
271/1	Сенокос	Исиохани	нива	3
279	Сенокос	Исиохани	нива	3
588	Сенокос	Исиохани	нива	3
Вкупна површина на земјиштето во плански опфат:			13584,78м²	

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1364/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

890.

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15 и 225/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11, 147/12 и 117/14) во членот 2 став 1 во точката 1 во табелата по редниот број 145 се додава нов реден број 145-а кој гласи:

„

145-а.	1513 11 91 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции; Сурово масло; Друго; Во пакување со нето маса од 1 кг или помала

”

По редниот број 149 се додава нов реден број 149-а кој гласи:

„

149-а.	1513 21 30 00	Масло палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции; Сурово масло; Друго; Во пакувања со нето маса од 1 кг или помала

”

По редниот број 155 се додава нов реден број 155-а кој гласи:

„

155-а.	1514 91 90 00	Масло од репка или масло од синап и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани: Друго; Сурово масло; Друго.

”

По редниот број 163 се додаваат два нови редни броја 163-а и 163-б кои гласат:

„

163-а.	1515 90 51 00	Други растителни масти и масла, неисправливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани: Друго: Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
163-б.	1515 90 59 00	Други растителни масти и масла, неисправливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, други; течни

”

Точката 5 се менува и гласи:

„Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството кои се распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

Ред број	Глава/тарифен број	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	3920 10 24 00	-----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94; Растегливи филмови, непечатени. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)

2.	3920 10 25 10	------Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94; Друго; Непечатени („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)
3.	3920 10 28 00	----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: 0,94 или поголема. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)
4.	3920 10 40 10	----Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Друго; Непечатени („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)
5.	3920 10 81 00	---Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што надминува 0,125 мм: Синтетичка хартиена целулоза, во форма на влажни листови изработена од неповрзани фино разгранети полиетиленски влакненца, измешани или неизмешани со целулозни влакна во количина која не надминува 15%, со содржина на поли (винил алкохол) растворен во вода како средство за навлажнување. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)
6.	3920 10 89 10	---Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали; Од полимери на етилен; Со дебелина што надминува 0,125 мм: Друго; Непечатени. („Напомена: се применува само за употреба во земјоделство)

"

Во точката 12 во табелата редниот број 18 се менува и гласи:

"

18	2309 90	Производи што се употребуваат за исхрана на животни: -Друго:

"

Редниот број 19 се брише.

Точката 13 се менува и гласи:

„Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

Ред број	Тарифен број	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Ex.9403 60 90 00	-- Друг мебел; Друг дрвен мебел. *Бебешко креветче од дрво
2.	Ex.9403 89 00 00	--Друг мебел; Мебел од други материјали, вклучувајќи и трска, врба, бамбус или слични материјали; Друго. *Бебешко креветче од друг материјал
3.	8715 00 10 00	- Бебешки колички
4.	Ex. 9401 61 00 00	--Седишта; Други седишта, со дрвени скелети; Тапацирани. *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
5.	Ex. 9401 69 00 00	--Седишта; Други седишта, со дрвени скелети; Други. *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
6.	Ex. 9401 71 00 00	--Седишта; Други седишта, со метални скелети; Тапацирани. *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки

7.	Ex. 9401 79 00 00	--Седишта; Други седишта. *Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки
8.	Ex. 9401 80 00 00	-Седишта; Други седишта, со метални скелети; Други. *Бебешки седишта за возила, тарнспортер, релаксатор, хранилки
9.	Ex.3922 10 00 00	- Кади, туш-кади, садопери и лавабоа *Бебешка вада
10.	Ex.3926 90 97 90	---- Други производи од пластични маси; Друго; Друго; Друго. *Цуцли од пластични маси
11.	Ex.4014 90 00 00	- Хигиенски и фармацевтски производи (вклучувајќи цуцли) од гума освен од тврда гума, со прибор или без прибор од тврда гума; Друго. *Цуцли од гума
12.	Ex.7013 99 00 00	--Производи од стакло од видови што се употребуваат во кујна; Други производи од стакло; Други. *Бебешки шишиња од стакло
13.	Ex. 3924 10 00 00	-Трпезни садови и кујнски садови и прибор *Бебешки шишиња од пластика
14.	Ex.9619 00 50 00	--Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други текстилни материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи. * Пелени и влошки за бебиња
15.	Ex.9619 00 81 10	--Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Пелени и влошки за бебиња; Од хартиена пулпа, хартија, целулозна вата или листови и ленти од целулозни влакна * Пелени и влошки за бебиња
16.	Ex.9619 00 30 00	-Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од вата од текстилни материјали. * Пелени и влошки за бебиња
17.	Ex.9619 00 81 90	--Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Од други материјали; Пелени и влошки за бебиња и слични производи; Пелени и влошки за бебиња; Друго. * Пелени и влошки за бебиња

"

Точката 14 се менува и гласи:

„Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линеар, шестар, пластелин, острилка, гума и коректор, распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

Ред број	Тарифен број	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Ex.4202 12 11 00	----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Во форма од пластични листови; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби. *Училишни торби (ранец) од пластични маси
2.	Ex.4202 11 10 00	----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Во форма од пластични листови; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби. *Училишни торби (ранец) од кожа
3.	Ex.4202 12 91 00	----Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери; Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали; Од други материјали, вклучувајќи вулканфибер; Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби. *Училишни торби (ранец)
4.	4820 20 00 00	- Тетратки
5.	Ex.9609	Моливи (освен моливите од тар. број 9608), писалки, мини за моливи, пастели, јаглен за цртање, креди за пишување или цртање и кројачки креди *Моливи *Боици

6.	Ex.3213 10 00 00	- Бои за уметничко сликарство, настава или за знаци, бои за нијансирање, бои и слично за разонода и забава, во таблети, туби, теглички, шишенца, чанчиња или слични форми или пакувања; Бои во сетови. *Боици за настава
7.	9608 40 00 00	-Патент-моливи
8.	9608 10	- Пенкала
9.	Ex.4820 10 90 00	--Регистри, книговодствени книги, нотеси, книги за порачки, признанични книги, агенди, меморандум блокови, дневници и слични производи; Друго. *Блокови
10.	Ex.9608 20 00 00	- Фломастери и маркери со врв од филц или друг порозен материјал *Фломастери
11.	Ex.9017 80 10 00	--Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример, апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат в рака (на пр, мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава; Други инструменти; Мерни шипки, мерни траки и ленири со мерна поделба *Ленири
12.	Ex.9017 20 10 00	--Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример, апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат в рака (на пр, мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава; Други инструменти за цртање, обележување или математичко сметање; Други инструменти за цртање. *Шестар
13.	Ex.3407 00 00 90	- Маси за моделирање, вклучувајќи приготвени за детска забава; Друго. * Пластелин
14.	Ex.8214 10 00 00	-Други ножарски производи (на пример, машини за стрижење, месарски или кујнски сатари, ножеви за сецкање и сигнење месо, ножеви за хартија); Ножеви за хартија, за отворање на писма, за бришење (стружење - радирање), за острење на моливи, и сечила за нив. *Острилка
15.	4016 92 00 00	--Други производи од гума, освен од тврда гума; Друго; Гуми за бришење;
16.	Ex.3824 90 92 00	-----Друго; Друго; Хемиски производи или препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспомнати или опфатени; Во форма на течност на 20□Ц. * Коректор
17.	Ex.3824 90 93 00	----- Друго; Друго; Хемиски производи или препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспомнати или опфатени; Друго. * Коректор

"

Во НАПОМЕНАТА во став 2 симболот "." се заменува со симболот "*".

Во став 3 зборовите „точка 10" се заменуваат со зборовите: „точки 10, 13 и 14", а симболот "." се заменува со зборовите: " * или симбол ★ ".

Во став 4 симболот "." се заменува со симболот "*".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1607/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

891.

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014 и 146/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК ОД ОПШТИНАТА НА ЧИЕ ПОДРАЧЈЕ СЕ НАОЃА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР-БИТОЛА

1. Јован Ташевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор-претставник од општината Битола на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

2. За член на Управниот одбор-претставник од општината Битола на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола се именува Јован Ташевски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1742/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

892.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈА ПАТ” – СКОПЈЕ

1. Алија Шахиќ се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈА ПАТ” – Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈА ПАТ” – Скопје, се именува Мунира Куч.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1743/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

893.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСТОПАНСТВО „ЛИСИЧЕ“-ВЕЛЕС

1. Абдула Севгуљ се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, се именува Марија Алчева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

Бр. 24-1744/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

894.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015 и 61/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ„-П.О. СКОПЈЕ

1. Борис Стојчевски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ„-П.О. Скопје, поради истек на мандатот.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „МАКЕДОНСКИ ШУМИ„-П.О. Скопје се именува Марија Ѓошева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1745/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

895.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015 и 192/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - СТРУМИЦА

1. Илија Беџовски се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струмица, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Струмица, се именува Атанас Карабичаков.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-1746/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

896.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015 и 192/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - СТРУМИЦА

1. Живко Лазаров се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струмица, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струмица, се именува Зоран Малинов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-1747/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

897.

Врз основа на член 4 од Законот за Спортската академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2014, 129/2015 и 146/2015) а во врска со член 88 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 февруари 2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА СПОРТСКАТА АКАДЕМИЈА

1. За членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Спортската академија се именуваат:
- Игор Јуруков
-Рајне Велиновска - Лазаревска и
-Сафет Незири.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1748/1
5 февруари 2016 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Емил Димитриев, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

898.

Врз основа на член 16 – б од Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15 и 152/15), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ, НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ОТПЕЧАТОЦИ ОД ПРСТИ И ФОТОГРАФИРАЊЕ НА БАРАТЕЛИТЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ, ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ИСПРАВИ НА БАРАТЕЛИ НА ПРАВО НА АЗИЛ И ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕНО ПРАВО НА АЗИЛ ИЛИ ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/15 и 119/15), во член 2 во ставот 1 по зборовите: „држава од која влегува во Република Македонија,“ се додаваат зборовите: „крајна дестинација,“.

Член 2

Образецот бр.1 се заменува со нов Образец бр.1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 131-9539/1
15 февруари 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Оливер Спасовски, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Образец бр. 1

_____
Организациона единица
Број_____
_____ година

_____
Место

ПОТВРДА ЗА ИСКАЖАНАТА НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ

1. име и презиме _____
2. датум на раѓање _____
3. пол _____
4. место и држава на раѓање _____
5. државјанство _____
6. документи кои лицето ги поседува _____
7. држава од која влегува во Република Македонија _____
8. крајна дестинација _____

Лица кои го придружуваат носителот на оваа потврда (малолетни лица)

1. _____ сродство _____
2. _____ сродство _____
3. _____ сродство _____
4. _____ сродство _____
5. _____ сродство _____
6. _____ сродство _____

Со овој документ се потврдува дека носителот на истиот е лице кое искажало намера да поднесе барање за признавање право на азил во Република Македонија и истото се упатува во рок од 72 (седумдесет и два часа) од моментот на неговото издавање да поднесе барање за признавање на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил.

_____ година
_____ час

_____
Место

М.П.

_____
овластено службено лице

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

899.

Врз основа на член 96 став (2), 99 став (2), 101 став (3), 103 став (5), 107 ставови (3) и (13), 108 став (9), 109 став (2), 113 став (2) и 118 став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ А-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Член 1

Во Правилникот за постапката за добивање А-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/06 и 116/14) во членот 15 во ставовите (1) и (2) зборовите „Државниот инспекторат за животната средина“ се заменуваат со зборовите „органот надлежен за вршење на стручни работи во областа на животната средина.“

Ставот (3) се менува и гласи:

„За извршениот увид, органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи во областа на животната средина составува записник во кој се констатира фактичката состојба во однос на исполнетоста на барањата утврдени во А – интегрираната еколошка дозвола. Врз основа на записникот, органот надлежен за вршење на стручни работи во областа на животната средина издава заклучок.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13 – 774/1
29 јануари 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
Нурхан Изаири, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

900.

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015 и 192/2015), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ

На ден 2.2.2016 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Семениште, која е во надлежност на одржување на Центар за катастар на недвижности Скопје.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Семениште, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Семениште.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 0916-1805/1
2 февруари 2016 година
Скопје

Директор,
Славче Трпески, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

901.

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 5 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014 и 146/2015), Комисијата на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 30.11.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА ПОЕНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА 2016 ГОДИНА

I. Вредноста на поенот за 2016 година изнесува 449,8434 денари.

II. Вредноста на поенот од точката I. на оваа одлука, се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2016 година.

III. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Образложение

Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 30.11.2015 година ја разгледуваше Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2016 година и донесе одлука за определување на вредноста на поенот за 2016 година.

При одлучувањето Комисијата ја зема предвид Годишната програма за работа на Агенцијата, со планираните активности и финансискиот план за наредната 2016 година, Извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенските услуги со состојба 30.11.2015, како и 28 издадени заклучоци доставени до давателите на поштенски услуги, до денот на одржување на состанокот на Комисијата.

Согласно член 28 став 7 од Законот за поштенските услуги, Комисијата прво ја оценуваше законитоста и целисходноста на планираните активности и задачи на Агенцијата за наредната година од аспект на надлежностите на Агенцијата, со цел да се оцени оправданоста на трошоците и приходите планирани за извршување на таквите активности, како и законитоста на пресметувањето на вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги, па во таа смисла го утврди следното.

Активностите на Агенцијата за 2016 година содржани во програмата за работа, се испланирани во согласност со законските надлежности, во рамките на делокругот на работата на регулаторот, го одразуваат континуитетот во нејзиното работење и во целост се во функција на остварување на целите за кои е основана Агенцијата.

Согласно член 28 став 7 од Законот, при пресметувањето на вредноста на поенот Комисијата ги зема предвид ставките на трошоците од финансискиот план на Агенцијата за извршување на активностите и задачите планирани во програмата за работа на Агенцијата. Од тука, Комисијата ги разгледа проектираните трошоци и соодветно на нив и приходите од финансискиот план, па оцени дека структурата и висината на планските и стандардните трошоци во финансискиот план на Агенцијата за пошти за календарската 2016 година и тоа како фиксните така и варијабилните, директно произлегува од планираните активности. Имајќи предвид дека надлежностите на Агенцијата, во значителен дел се концентрирани на обезбедување непречено функционирање на универзалната услуга и следење на националниот оператор кој е обврзан истата да ја извршува според принципите и условите кои ги налага законот и прописите, планираните активности на Агенцијата за 2016 година, во значителен обем се однесуваат на регулаторни активности и задачи поврзани со давателот на универзална услуга АД Македонска пошта Скопје. Мал дел од планираните трошоци се поврзани со активности планирани за работата на Агенцијата во насока на уредување на севкупниот амбиент во кој се одвиваат конкурентските поштенски услуги во Република Македонија, во интерес на корисниците, без разлика дали ги вршат приватни поштенски даватели или Македонска пошта.

Финансискиот план за 2016 соодветно и пропорционално ги проектира трошоците за така планираните активности кои се рефлектираат и на планираните приходи. Па оттука износот на контото 715 приходи од годишен надоместок од даватели на поштенски услуги во Финансискиот план за 2016 година, изнесува 23.700.000,00 денари.

Комисијата оцени дека трошоците се оправдани, па соодветно на тоа и планираниот приход од контото 715, кој во смисла на член 12 став 2 од Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок („Службен весник на Република Македонија" бр.167/2010 и 31/2013) е износот кој се дели со вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија, претставува пропорционално доволна финансиска рамка за непречено извршување на конкретни активности на Агенцијата во 2016 година.

Втората компонента од која зависи висината на вредноста на поенот во односната година, е вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија. Од овие причини Комисијата го разгледа и Извештајот со збирен број на поени на пазарот на поштенските услуги со состојба 30.11.2015, по што констатира дека вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Македонија е правилно пресметан и утврден на 52.685 поени, и претставува збир на бројот на поени за обезбедување на универзална услуга врз основа на индивидуална дозвола и бројот на поени констатирани со заклучоци за секој од давателите на поштенски услуги. Ова, од причини што структурата на вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги ја сочинуваат:

50.000 поени за АД Македонска пошта Скопје; 175 поени за Глобко логистик Скопје; 120 поени за Карго Експрес Битола; 175 поени за ДХЛ Експрес Македонија Скопје; 145 поени за ИН ТИМЕ МК БПС Скопје; 175 поени за ТНТ Експрес Македонија; 175 поени за РСЕ Оптима Вите Скопје; 60 поени за ДРД Курир Скопје; 120 поени за Деливеримен Скопје; 120 поени за Скопје Велосипедист Скопје; 120 поени за ДелЦО Скопје; 60 поени за Визард Деливери Скопје; 175 поени за Брза Пратка Скопје; 60 поени за Јокам Пошта 2011 Дебарца; 30 поени за Мерџаноски ТП Тетово; 60 поени за ДМ Компани-Агенција ДМ Прилеп; 30 поени за Глобал Мессаге Скопје, 60 поени за Ин пошта Радески Скопје, 60 поени за Диливери Филип Прилеп, 50 поени за Прологис сервис Скопје, 60 поени за Казабланка експрес Битола,100 поени за Екстра 03 Кавадарци, 60 поени за Курир експрес Прилеп, 120 поени за Балкан Деливери Сервис Скопје, 75 поени за ТПЛ Тотал пост логистик Скопје, 60 поени за Ривал инжинеринг –подружница Експрес Скопје, 120 поени за Деливери Сервис интернешенел Скопје, 60 поени за Пост експрес Македонија и 60 поени за Нова пошта Скопје.

Врз основа на претходно утврденото, следуваше Комисијата конечно да ја провери и законитоста на начинот на пресметувањето на вредноста на поенот, при што оцени дека вредноста на поенот е пресметана во согласност со начинот на пресметка пропишан со член 28 од Законот и член 12 став 2 од Правилникот, поточно дека 449,8434 денари е количникот кој се добива кога 23.700.000,00 денари ќе се поделат со 52.685 поени, односно тоа е вредноста кој се добива кога приходите од контото 715, ќе се поделат со вкупниот број на поени на поштенскиот пазар.

Од сите овие причини, Комисијата одлучи вредноста на поенот за 2016 година да изнесува 449,8434 денари.

Вредноста на поенот утврдена во оваа висина, ќе се применува при пресметување на годишниот надоместок за 2016 година, со кој ќе биде задолжен секој давател на поштенски услуги на годишна основа, во износ утврден со решение од директорот на Агенцијата за пошти.

Поради сето напред наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот, а согласно член 28 став 7 од Законот за поштенските услуги.

Оваа одлука е составен дел на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2016 година.

Бр. 10-184/8	Агенција за пошти
30 ноември 2015 година	Претседател,
Скопје	**Љупче Мешков**, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

902.

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015 , 192/2015, 215/2015 и 6/2016), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 55/2011, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14 и 167/14), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ” бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14 и 130/14), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/2005) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 22.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 20,083
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 21,732
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 18,558
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 18,154
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 11,145

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 55,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 57,00
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 41,00
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 30,00
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 14,673

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
ЕУРОСУПЕР БС - 95	54,50	54,00	53,50
ЕУРОСУПЕР БС - 98	56,50	56,00	55,50
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	40,50	40,00	39,50
Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	29,50	29,00	28,50

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 0,080
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 0,030
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 0,040
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 0,890
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 0,300
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 0,300
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 21,857
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 21,903
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 12,158
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 3,230
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
ЕУРОСУПЕР БС - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР БС - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М-1 НС	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 23.2.2016 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02-306/1
22 февруари 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Вероника Наумовска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016031